Агенција за поддршка на претприемништвото
на Република Македонија АППРМ
Бр. 02-35/2
29.01. 2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 став (1) алинеја 1 од Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.60/03, 161/09, 171/10 и 41/14), Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија , на седницата, одржана на 29.01.2015 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Статутот на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија бр.02-4 од 10.01.2004 во членот 3 зборовите "Јуриј Гагарин бр.15 "се заменуваат со зборовите "Кеј "Димитар Влахов" бр.4 "

Член 2

Членот 9 се менува и гласи :

"Агенцијата има трезорска жиро-сметка во Народна банка на Република Македонија."

Член 3

Во членот 12 став 1 точка 1 зборот "трансфер" се заменува со зборот "средства"

Член 4

Во членот 19 по ставот 6 се додава нов став 7 кој гласи:

"Во записникот на седницата на Управниот одбор се внесуваат податоци за гласањето на секој член поединечно со образложение за причините за гласањето."

Член 5

Во членот 20 алинеја 3 по зборот "донесува" се додава зборот "годишна"

Алинејата 10 се менува и гласи:

"дава одобрение на сите одлуки кои ги донесува Директорот на Агенцијата , освен одлуките кои се однесуваат на износи до 50.000 евра ".

Алинејата 11 се менува и гласи:

"дава согласност за службените патувања во странство , доколку патуваат повеќе од тројца вработени од Агенцијата "

Член 6

Во членот 23 алинеја 2 по зборот “изготвува” се додава зборот “годишна” а по зборовите “работа и ” се додава зборот “годишен”.

Алинејата 5 се менува и гласи:

“донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Агенцијата и други акти на Агенцијата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници”

Алинејата 8 се менува и гласи:

“одлучува за правата , обврските и одговорностите на вработените во Агенцијата”

Алинејата 9 се менува и гласи:

“се грижи за законито работење и трошење на финансиските средства ,”.

Во алинејата 11 по зборот “со” се додаваат зборовите “овој закон и”

Член 7

Членот 25 се менува и гласи:

”Вработените во Агенцијата кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници.”

“Вработените кои имаат статус на помошно технички персонал , ги остваруваат своите права должности и одговорности согласно прописите кои ги уредуваат работните односи”

Член 8

Делот VII и членот 26 се бришат.

Член 9

Оваа статутарна одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Агенцијата, а ќе се објави по добивање согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-35/3

29.01.2015 година

Претседател
на Управен одбор на Агенцијата
за поддршка на претприемништво на РМ
Ванчо Гроздановски

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија е основана со Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.60/03, 161/09, 171/10 и 41/14).

Агенцијата се основа за реализација на Програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство во Република Македонија и за реализација на други програми донесени од Владата на Република Македонија кои се однесуваат на претприемништвото и малото стопанство.

Врз основа член 11 став (1) алинеја 1 од Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Управниот одбор на Агенцијата донесува Статут на Агенцијата, со кој поблиску се уредува организацијата и работењето на Агенцијата.

Врз основа на член 18 став (2) Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Владата на Република Македонија дава согласност на Статутот на Агенцијата и неговите измени , во рок од 30 дена од денот на доставувањето на Статутот од Управниот одбор.